# ЗБИРНИ ИНФОРМАЦИИ **ОД ИНФОРМАТОРИ** 2018

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Годишниот информатор ги прикажува збирните податоци од месечните информатори, информациите од јавен карактер добиени од првостепените судови, како и од годишните извештаи (2018) на Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман оваа година **119**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 45 работни односи | 7 образование | 5 социјална сигурност |
| 20 здравство | 21 пристап до добра и услуги медиуми | 1 домување |
| 6 медиуми | 0 избирачки права | 14 друго |

## Реакции

Реакции оваа година **95**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 70 Активности на здруженија на граѓани | 25 Активности на државни институции | 0 останато |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018 ГОДИНА




## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22% пол и род | 10% етничка припадност | 8% родов идентитет | 5% политичка припадност |
| 8% попреченост | 12% сексуална ориентација | 24% друго | 11% корисници на дроги |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 92 |
| индиректна | 1 |
| вознемирување | 26 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| позитивни судски одлуки | 2 |
| тековни судски пресуди | 3 |
| Негативни пресуди | 2 |

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018

### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет во текот на месец септември регистрираше дискриминација врз основа на религија и верско уверување во пристап до добра и услуги (ресторан). Согласно тврдењата на странката, таа заедно со две пријателки се обидела да влезе во ресторанот. Во моментот кога пристапиле до ресторанот странката носела хиџаб, додека нејзините пријателки не носеле хиџаб. На самиот влез од ресторанот тие биле пречекани од келнер, кој ги прашал дали имаат резервација во ресторанот. На ваквото прашање тие одговориле дека немаат резервација и дека сакаат да се напијат кафе. Келнерот им рекол дека и за пиење кафе им е потребна резервација, иако во тој моментот ресторанот бил празен. Откако не им било дозволено да седнат во ресторанот, лицата го напуштиле истиот. Десетина минути подоцна, една од пријателките на странката се вратила во ресторанот со својот партнер, при што им пристапил друг келнер. На прашањето дали има место во ресторанот и дали им треба резервација, келнерот одговорил дека не е потребна резервација и дека има место. После ваквото објаснување пријателката на странката го прашала келнерот зошто пред десетина минути не и бил дозволен пристап во ресторанот на нејзината пријателка која носела хиџаб и дали ресторанот им забранува пристап на жени и девојки кои носат хиџаб. Откако не добила одговор таа го напуштила ресторанот.

Хелсиншкиот комитет за човекови права за овој случај поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Во одговор на претставката, Комисијата за заштита од дискриминација на 28.12.2018 донесе мислење бр. 0801-307/5, со кое утврди директна дискриминација врз основа на религија и верско уверување во пристапот до добра и услуги. Врз основа на препораката од Комисијата за заштита од дискриминација, ресторанот Портофино Остериа и Бар од Скопје упати јавно извинување кон жената на која и беше ограничен пристап до овој ресторан поради тоа што носела хиџаб. Во известувањето кое ресторанот го достави до Комисијата е наведено дека сопствениците и вработениот персонал посебно ќе внимаваат и ќе негуваат недискриминаторски однос кон гостите по било која основа и уверуваат дека во иднина нема да се стори повреда согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### СУДСКА ПРАКСА:

Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) во случајот Coman and Others одлучи дека „терминот 'брачен другар' во смисла на одредбите на правото на ЕУ за слобода на живеење за граѓаните на ЕУ и членовите на нивните семејства ги вклучува брачните другари од ист пол". Со оваа одлука судот за прв пат го дефинираше терминот „брачен другар" за потребите на слободата на движење забележувајќи дека терминот е родово неутрален и може да се однесува на истополов брачен партнер на граѓанин на ЕУ. Оваа пресуда е особено значајна за истополовите семејства, бидејќи ја отстранува правната несигурност по однос на ова прашање и обезбедува заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација.

Вториот случај е предмет поддржан од Здружението на млади правници (МЗМП). Во случајот, Апелациониот суд Скопје ја потврди пресудата на Основен суд Куманово со која се утврдува дека тужените го повредиле правото на тужителката на еднакви можности и третман, односно извршиле дискриминација по основ на семеен статус, семејна и брачна состојба, односно родителство – бременост. Тужителката, вработена во основно училиште, го поведе овој спор поради дискриминаторски третман од страна на директорот на училиштето во моментот кога истата соопштила дека е бремена. Имено, тужителка, заедно со уште неколку колеги исполнувала услови за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време, поради што од страна на училиштето било поднесено барање за трансформација на нивниот работен однос. Веднаш откако тужителката соопштила дека е бремена, нејзиното барање за трансформација на работен однос била повлечено, додека барањата на другите колеги не.

Првостепениот и второстепениот суд потврдија дека со повлекувањето на барањето за трансформација на работниот однос на тужителката од определено во неопределено време, од причина што истата соопштила дека е бремена. Тужените постапиле спротивно на член 6 и член 96 став 1 од Законот за работните односи и го повредиле правото на тужителката на еднакви можности и еднаков третман, односно извршиле дискриминација

[1] Case C-673/16 - Coman and Others http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf;jsessionid=9ea7d2dc30dd249123d6ef294fee91c984b40fabbf9f.e34KaxiLc3qMb40Rch0SaxyOah50?text=&docid=202542&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=158462

### РЕСУРСИ:


1. Годишен извештај на Комисијата за заштита од дискриминација 2017 година – https://www.facebook.com/AntidiscriminationMK/

2. Годишен извештај на Народниот правобранител за 2017 година – http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2017/GI-2017.pdf

3. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Годишен извештај за фундаменталните права 2018 година" - https://fra.europa.eu/en/publication/2018/fundamental-rights-report-2018

4. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Прирачник за европското право на недискриминација 2018 година" - https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/-fra-2018-handbook-non-discrimination-law-2018_en.pdf

5. Еквинет „Прирачник за стратешка литигација" - http://equineteurope.org/wp-content/uploads/2018/05/equinet-handbook_strategic-litigation_def_web.pdf

6. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Водич за спречување на противправно профилирање - денес и во иднината" http://www.equineteurope.org/Preventing-unlawful-profiling-today-and-in-the-future-a-guide

7. Европска мрежа на правни експерти за родова еднаквост и недискриминација „Телата на еднаквост прават разлика" - http://www.equineteurope.org/Equality-bodies-making-a-difference

8. Петтиот извештај на Генералниот секретар на Советот на Европа https://rm.coe.int/state-of-democracy-human-rights-and-the-rule-of-law-role-of-institutio/168086c0c5

9. Европски економски и социјален комитет „Ситуацијата на жените со попреченост" - https://www.eesc.europa.eu/en/our-work/opinions-information-reports/opinions/situation-women-disabilities

10. Комитет за правата на лицата со попреченост „Заклучни согледувања за првичниот извештај" https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/MKD/CO/1&Lang=En

11. Комитет за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Заклучни согледувања кон шестиот извештај .

https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW%2fC%2fMKD%2fCO%2f6&Lang=en



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Годишен извештај на Народен правобранител[2]

**Податоците се целосно преземени од Годишниот извештај Народниот правобранител за 2017 година.**

**Вкупно предмети:** **92**

**Примени 77 претставки во 2018 година**

(15 претставки се преземени од претходната година)




**РЕАКЦИИ:**

- 28 случаи е констатирана повреда со доставени укажувања и препораки до надлежните органи[3]
- 47 случаи со одлука за запирање или непокренување постапка
- 1 случај завршен со давање правен совет
- 2 случаи започнати по сопствена иницијатива

1) Податоците се целосно преземени од Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2018 година.

2) Во 7 случаи е постапено по интервенција на Народниот правобранител. Во 21 случај биле преземени сите законски дејствија од Народниот правобранител.


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Годишен извештај на Комисија за заштита од дискриминација [4]

Број на доставени претставки за дискриминација до КЗД од страна на граѓани, правни лица, здружение на граѓани: 132




## ОСНОВИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА: [5]

- личен и општествен статус 25,00%
- политичка припадност 21,97%
- здравствена состојба 9,09%
- пол 9,09%
- припадност на маргинализирана група 8,33%
- етничка припадност 7,58%
- возраст 6,06%
- попреченост 3,79%
- род 3,03%
- семејна или брачна состојба 3,03%
- религија или верско уверување 2,27%
- сексуална ориентација 2,27%




## ОБЛАСТ: [6]

- работни односи 49,24%
- пристап до добра и услуги 19,70%
- правосудство и управа 8,33%
- образование, наука и спорт и 6,82%
- социјалната сигурност 3,79%
- јавно информирање и медиуми 2,27%
- домување 0,76%
- друго 6,82%




## ДОНЕСЕНИ МИСЛЕЊА:

### ВКУПНО: 119

- 19 утврдена е дискриминација и дадена препорака за отстранување на истата
- 78 случаи утврдено дека нема дискриминација
- 19 претставки не е поведена постапка
- 3 запрена постапката

[4] Податоците се целосно преземени од Годишниот извештај на Комисијата за заштита од дискриминација за 2018 година.
[5] Во 11.36% од претставките подносителите немаат наведено основ на дискриминација, а во 3.79% од претставките подносителите како основ за дискриминација имаат наведено "друго".
[6] Во 3.79% од претставките не е наведена област на дискриминација.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО ОБЛАСТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ЗА 2018 ГОДИНА

## СУДСКИ ПОСТАПКИ

**Заведени предмети за заштита од дискриминација:[7] 36[8]**

**Заведени предмети за заштита од дискриминација по градови:**




- Битола 42%
- Скопје 22%
- Прилеп 24%
- Крива Паланка 3%
- Куманово 3%
- Ресен 3%
- Радовиш 3%

## Судски постапки во областа на дискриминација:

| | |
|---|---|
| Тековни | 1 |
| Позитивни | 28 |
| Негативни | 2 |
| Отфрлени | 1 |
| Повлечени | 0 |
| Во прекин | 0 |
| Укинати | 2[9] |
| Нема податоци: | 2[10] |

**ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ: 49**

**ОДЛУКИ ПО ГРАДОВИ:**




- Битола 45%
- Скопје 23%
- Прилеп 23%
- Куманово 3%
- Ресен 3%
- Крива Паланка 3%

[7] Судовите во одговорите доставени по барањата за информации од јавен карактер не обезбедија податоци за основот, областа и видот на дискриминација во заведените предмети.
[8] Во споредба со податоците прикажани во информаторот за 2017 година (77 заведени предмети за заштита од дискриминација), судовите известија за двојно помала бројка на случаи во 2018 година.
[9] Предметите се вратени на повторно одлучување
[10] Во одговорите по барањата за информации од јавен карактер, судовите не обезбедија податоци за статусот на 2 судски постапки.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**

# ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ ВО ОБЛАСТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ЗА 2017 ГОДИНА

## ПОЗИТИВНИ СУДСКИ ОДЛУКИ: 28




Битола –
46% делумно е утврдена дискриминација
7% е утврдена дискриминација

Прилеп -
24% утврдена дискриминација

Куманово –
3% е утврдена дискриминација

Скопје -
7% е утврдена дискриминација
10% делумно е утврдена дискриминација

Ресен –
3% е утврдена дискриминација

## ПРАВОСИЛНИ СУДСКИ ПРЕСУДИ: 5

**Позитивни: 4**

Скопје 40%
Ресен 20%
Куманово 20%




**Негативни: 1**

Скопје 20%

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**

# ЗАКЛУЧОЦИ:

1 Најчести основи за кои граѓаните сметаат дека биле дискриминирани се: личен и општествен статус, пол и род, политичка припадност, сексуална ориентација, здравствена состојба, попреченост, етничка припадност, религија.

2 Најчести области во кои граѓаните сметаат дека биле дискриминирани се: работните односи, пристапот до добра и услуги, здравството, образованието и медиумите.

3 Здруженијата на граѓани продолжуваат да бидат најактивни во делот на покренување на свесноста за постоењето на дискриминацијата.

4 Комисијата за заштита од дискриминација во 2018 година немаше функционална веб страна.

5 Иако има зголемување на случаите пред КЗД сепак бројот на позитивни мислења останува ист.

6 Народниот правобранител продолжува да води статистика за соодветна и правична застапеност и за случаите на дискриминација под една категорија, иако станува збор за две различни области.

7 Судовите не водат посебна статистика за судските постапки иницирани за заштита од дискриминација, поради што не можат да обезбедат соодветни податоци за основите и областите за кои граѓаните барале заштита од дискриминација. Постои намалување за повеќе од 50% на заведените предмети за заштита од дискриминација во судовите.

# ПРЕПОРАКИ:

1 Проактивно вклучување на Комисијата за заштита од дискриминација, државните институции и јавните функционери за подигнување на свесноста за постоењето на дискриминацијата.

2 Водење на посебна статистика за соодветната и правична застапеност и за случаите на дискриминација од страна на Народниот правобранител, преку која особено ќе се обезбеди статистика за основот, областа и видот на дискриминација.

3 Почесто користење на законското овластување за отпочнување на постапка по службена должност од страна на Народниот правобранител во случаи на дискриминација и вклучување како пријател на судот (amicus curiae) во судски постапки.

4 Почесто користење на законската можност на Комисијата за заштита од дискриминација за поведување постапки по службена должност, вклучување во судски постапки како замешувач и иницирање на прекршочни постапки против дискриминаторите кои не ги почитуваат мислењата и препораките на Комисијата.

5 Судовите да водат посебна статистика за основите, областите и видот на дискриминација со цел да одговорат на потребата за доставување на точни податоци и утврдување на трендовите на дискриминација.

6 Подобрување на пристапот до судска заштита од дискриминација и пристапот до правда воопшто за жртвите од дискриминација.

7 Промоција на принципот на еднаков третман од страна на државните институции и независните тела за еднаквост.

8 Собирање на статистички податоци за дискриминацијата разделени по основот на дискриминацијата од страна на органите надлежни за истото.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**